# ПОКАНА

Ни претставува особена чест и задоволство да ве поканиме на претстојниот **ФОРУМ: Регулатива на работните односи и пазарот на труд во ИКТ секторот** кој ќе се одржи во **вторник, 26.09.2017**, со почеток во 10:30 часот, во хотел Александар Палас, Скопје.

Форумот се организира од страна на МАСИТ во рамки на **Проектот на УСАИД – Партнерство за подобра бизнис регулатива** во кој МАСИТ е партнер заедно со Стопанската комора на Македонија, Стопанската комора на Северо – Западна Македонија и Епи Центар Интернационал. Целта на проектот е да им помогне на микро, малите и средни компании да бидат подобро усогласени со законската регулатива а воедно да им помогне и на бизнис организациите да воспостават конструктивен дијалог со надлежните институции во насока на подобрување на регулативата.

Целта на форумот е да се обработат и дискутираат теми поврзани со регулативата на работните односи а кои се специфични за ИКТ (информатички и комуникациски технологии) секторот, односно:

- **Регулирање на работните односи во ИКТ секторот** (флексибилност на работно време, прекувремена работа, работа од дома, пракси) – *Г-дин Јован Најденовски, Правен консултант*
- **Плати и надоместоци од работен однос** (плаќање на работата, прекувремени часови, работа на празник, распоред на работно време и различните временски зони, надоместоци на трошоци за службен пат, подолг престој во странство, дополнителни исплати/подароци/стимулации/награди на вработените) – *Г-ѓа Маријана Андриќ, Финансиски и даночен консултант*
- **ИКТ и пазарот на труд: Успешни примери и искуства од регионот** (меѓународни регулативи и примери, кодекс за работа на ИКТ работни места, даноци за работни места и работа со ИКТ ИКТ бизнис асоцијации, деловно опкружување и застапување) – *Проф. д-р Krassen Stanchev, Експерт од Бугарија*
- **ПАНЕЛ ДИСКУСИЈА** со учесниците на настанот во рамки на кои покрај експертите ќе бидат поканети да земат учество и претставници од Министерство за труд и социјална политика, Министерство за образование и наука, Министерство за информатичко општество и администрација, Државен инспекторат за труд, претставници од ИКТ приватниот сектор, претставници од факултетите кои образуваат ИКТ кадри и претставници од интернационални организации кои имаат активности во оваа област.

Врз основа на презентациите и дискусиите за време на Форумот, во рамки на Проектот на УСАИД – Партнерство за подобра бизнис регулатива соодветно ќе бидат подготвени и формулирани конкретни барања и предлози за измени и дополнувања на законските одредби од областа на работните односи и заеднички со партнерите во проектот истите ќе бидат соодветно

адресирани до надлежните институции. *Учесниците на форумот ќе имаат можност активно да учествуваат во дискусијата со поставување на конкретни прашања и предлози и споделување на свои искуства кои ќе бидат земени во предвид при формулирањето на предлозите.*

**АГЕНДА** - Повеќе информации за темите кои ќе бидат опфатени можете да најдете во агендата.

**РЕГИСТРАЦИСКА ФОРМА** - Учеството на форумот е бесплатно со задолжителна претходна регистрација.

**For ENGLISH VERSION of the invitation & details please use the following LINK .**

За сите дополнителни детали и прашања стоиме на располагање.

Со почит,

МАСИТ, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии

Контакт: 075 280 507, contact@masit.org.mk,

во име на Проектот на УСАИД – Партнерство за подобра бизнис регулатива